Анализа

за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и на буџетите на Јавните здравствени установи за период јануари-јуни 2014 година

август, 2014 година

Вовед

Фондот за здравствено осигурување на Македонија е основан согласно Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003 , 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 19/2011, 53/2011, 26/2012 и 65/2012) како самостојна финансиска институција со права и обврски за спроведување на задолжителното здравствено осигурување на територијата на Република Македонија.

Фондот врши дејност од јавен интерес и врши јавни овластувања утврдени со Законот за здравствено осигурување.

Со Законот за здравствено осигурување на Фондот му се дадени права, обврски и одговорности да ги планира и прибира средствата од придонесот за задолжително здравствено осигурување, со општи акти поблиску да го утврдува начинот на остварување на правата и обврските на осигурените лица, да ги плаќа здравствените услуги и парични надоместоци, да превзема мерки за ефикасно, ефективно и економично користење на средствата, како и други права и обврски од задолжителното здравствено осигурување.

Согласно членот 69-а од Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.65/2012 пречистен текст), Акциониот план на ФЗОМ (Рамка Ф) и Процедурите за изготвување, извршување и известување на Буџетот на Фондот и за буџетите на јавните здравствени установи, Фондот изготвува редовни месечни извештаи за реализација на средствата од Буџетот на Фондот и извршените трансфери до ЈЗУ, а јавните здравствени установи изготвуваат редовни месечни и квартални извештаи за реализација на средствата пренесени од Буџетот на Фондот.

Месечните извештаи здравствените установи ги доставуваат до Министерството за здравство и до Фондот, а Фондот изготвува збирни извештаи кои ги доставува до Министерството за здравство, Министерството за финансии и до УО на Фондот и ги објавува на својата веб страница.

Месечните извештаи за Фондот и за ЈЗУ се изготвуваат врз база на утврдените обрасци.

Во 2005 година врз основа на овие обрасци се започна со известување на буџетска основа за финансиското работење на Фондот и седум пилот јавни здравствени установи.

Во 2006 година месечни извештаи доставуваат сите јавни здравствени установи.

Фондот изготвува квартални извештаи со анализа за структурата и движењето на наплатените приходи и исплатените средства за расходи кај Фондот и кај ЈЗУ, потоа за дозначените средства од Фондот до здравствените установи, за потрошените лекови и медицински материјали кај ЈЗУ, за вкупните обврски и нивната достасаност за плаќање, за состојбата на залихите кај ЈЗУ и друго.

Анализата на финансиските податоци за Фондот и ЈЗУ се доставува на користење на Министерството за здравство и Министерството за финансии и се објавува на веб страницата на Фондот за здравствено осигурување.

РЕЗИМЕ:

ПРИХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-јуни 2014 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни приходи во износ од 11.197.219 илјади денари кои во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 0,09%. Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-јуни 2014 година се остварени под планираните, со исклучок на приходите од МЗ (придонес за неосигурени лица), приходи од МТСП (породилни) и приходи од партиципација.

Структурата на приходите е следната:

-даночни приходи- приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци	53.60%
-приходи од придонеси од корисници на пензии	24.77%
-Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	10.57%
-неданочни приходи (партиципација, конвенции и останати)	2.10%
-придонеси на корисници на права од социјална заштита	0.58%
-трансфери од Министерство за труд (породилно)	7.76%
-приходи од Агенцијата за вработување	0,63%

РАСХОДИ НА ФЗОМ

Во периодот јануари-јуни 2014 година Фондот за здравствено осигурување на Македонија оствари вкупни расходи во износ од 11.095.801 илјади денари кои во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 48.8% и во вкупен износ се под планираното за истиот период за 2.4%.

Структурата на расходите е следната:

-здравствени услуги	88.65%
-надоместоци	9.42%
-административни (фунционални) расходи	1.93%

МЕСЕЧЕН НАДОМЕСТОК ОД ФЗОМ ДО ЈЗУ

Заклучно со 30.06.2014 година одобрениот износ на средства на јавните здравствени установи за извршени здравствени услуги средства е во висина од 6.263.946.073 денари, односно 51.14% од вкупните надоместоци на ЈЗУ за 2014 година.

ПРИХОДИ НА ЈЗУ

Во периодот јануари-јуни 2014 години ЈЗУ остварile вкупни приходи во износ од 7.480.538 илјади денари од кои: приходи од ФЗОМ (83.74%), сопствени приходи (15.97%) и приходи од донации (0.29%).

РАСХОДИ НА ЈЗУ

Вкупните платени средства за расходи на ЈЗУ за периодот јануари-јуни 2014 година изнесуваат 7.450.218 илјади денари.
Структурата на платените средства за расходи е следната:

-плати и надоместоци	49.24%
-материјали и ситен инвентар	28.66%
-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт	8.17%
-останати расходи	13.93%

ПОТРОШЕНИ СРЕДСТВА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ МАТЕРИЈАЛИ

Во периодот јануари-јуни 2014 година потрошените средства за лекови и медицински материјали изнесуваат 1.911.076 илјади денари.
Потрошените средства за лекови и медицински материјали споредени со истиот период од 2013 година (износ 2.052.266 илјади денари) бележат намалување од 6.9%.

ОБВРСКИ НА ЈЗУ

Вкупните обврски на Јавните здравствени установи на 30.06.2014 година изнесуваат 4.096.495 илјади денари, кои споредени со состојбата на 30.06.2013 година (износ 3.640.953 илјади денари) се зголемени за 12.5%.

ДОЛГОВИ НА ЈЗУ

Вкупните долгови на ЈЗУ на 30.06.2014 година изнесуваат 2.695.646 илјади денари и во споредба со состојбата од 31.01.2014 (износ 2.400.714 илјади денари) бележат зголемување од 12.3%.

Најголемо намалување на долговите во месец јуни во однос на состојбата во м.мај има кај следните ЈЗУ:

1	*Клиничка болница-Битола*	*-13.028*	*илјади денари*
2	*ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија*	*-5.273*	*илјади денари*
3	*ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија*	*-3.531*	*илјади денари*

Најголем пораст на долговите споредбено во м.јуни во однос на м.мај има во следните ЈЗУ:

1	*Градска болница 8-ми септември-Скопје*	*23.712*	*илјади денари*
2	*Институт за трансфузиона медицина на РМ*	*20.072*	*илјади денари*
3	*Општа болница-Велес*	*9.565*	*илјади денари*

Финансиски податоци на Фондот

1. Приходи на Фондот

Остварени вкупни приходи

Во периодот јануари-јуни 2014 година во Фондот се остварени приходи во износ од 11.197.219 илјади денари, што преставува просечен месечен приход во износ од 1.866.203 илјади денари.

Остварените приходи за периодот јануари-јуни 2014 година споредени со остварените приходи за истиот период во 2013 година (износ 10.831.005 илјади денари) се зголемени за 3.38%.


Планирани приходи

Планираните вкупни приходи за периодот јануари-јуни 2014 година изнесуваат 11.207.856 илјади денари или просечно месечно 1.867.976 илјада денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените приходи се помали за 0,09%.

Вкупни приходи јануари-јуни 2014/2013 во (000) денари

Опис	Остварено јануари-јуни 2013 година	Буџет 2014 година	Остварено јануари-јуни 2014	% на остварени приходи јануари-јуни 2014/2013	% на остварени приходи во периодот јануари-јуни 2014 во однос на буџетот 2014 година
Вкупен приход	10.831.005	22.736.981	11.197.219	103,38%	49,25%

Графички приказ на вкупни приходи за период јануари-јуни 2014/2013 година



Движење на вкупните приходи за период јануари-јуни 2014 година


месец	план	остварено	% на остварување
јануари	1.703.425	1.521.289	89,31%
февруари	1.871.042	2.073.100	110,80%
март	1.921.109	1.757.854	91,50%
април	1.957.523	2.099.585	107,26%
мај	1.905.691	1.883.162	98,82%
јуни	1.849.066	1.862.229	100,71%
вкупно	11.207.856	11.197.219	99,91%

Анализирано поединечно по видови на приходи, приходите во периодот јануари-јуни 2014 година се остварени под планираните, со исклучок на приходите од М3 (придонес за неосигурени лица), приходи од МТСП (породилни) и приходи од партиципација.

Структура на остварени приходи јануари-јуни 2014 година **(во 000 денари)**

сметка	приход	Остварено јануари-јуни 2013 година	Буџет 2014 година	Остварено јануари-јуни 2014 година	% на остварување во однос на буџетот 2014 година	% на остварување 2014/2013	% на учество во вкупните приходи
	ВКУПНО:	**10.831.005**	**22.736.981**	**11.197.219**	**49,25%**	**103,38%**	**100,00%**
71	**ДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**9.654.833**	**20.653.181**	**10.093.728**	**48,87%**	**104,55%**	**90,14%**
712	**Придонеси од плати за социјални фондови**	**9.654.833**	**20.653.181**	**10.093.728**	**48,87%**	**104,55%**	**90,14%**
7122	Придонеси од бруто плати и надоместоци	5.746.317	12.623.000	6.001.475	47,54%	104,44%	53,60%
712511	Придонеси од АВРМ	81.426	175.181	70.227	40,09%	86,25%	0,63%
712512	Приход од ПИОМ	2.673.651	5.610.000	2.773.393	49,44%	103,73%	24,77%
712513	Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.086.468	2.110.000	1.183.418	56,09%	108,92%	10,57%
712514	Приходи од МТСП (придонес)	66.971	135.000	65.215	48,31%	97,38%	0,58%
72	**НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ**	**219.669**	**420.000**	**235.046**	**55,96%**	**107,00%**	**2,10%**
725	**Други неданочни приходи**	**219.669**	**420.000**	**235.046**	**55,96%**	**107,00%**	**2,10%**
725946	Приход од Партиципација	169.984	300.000	178.742	59,58%	105,15%	1,60%
725	Други приходи	49.685	120.000	56.304	46,92%	113,32%	0,50%
74	**ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ**	**956.503**	**1.663.800**	**868.445**	**52,20%**	**90,79%**	**7,76%**
741	**Трансфери од други нивоа на власт**	**956.503**	**1.663.800**	**868.445**	**52,20%**	**90,79%**	**7,76%**
741112	Приходи од МФ	153.070	313.800	0	0%	0%	0%
741111	Приходи од МТСП (породилни)	803.433	1.350.000	868.445	64,33%	108,09%	7,76%

Графички приказ на структурата на остварените приходи во периодот јануари-јуни 2014 година



1. ДАНОЧНИ ПРИХОДИ

(во 000 денари)

приходи	Остварено јануари-јуни 2013 година	јануари-јуни 2014 година			% на остварување 2014/2013 година	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот		
Придонеси од бруто плати и надоместоци	5.746.317	6.047.101	6.001.475	99,25%	104,44%	59,46%
Придонеси од АВРМ	81.426	87.608	70.227	80,16%	86,25%	0,70%
Приход од ПИОМ	2.673.651	2.818.564	2.773.393	98,40%	103,73%	27,48%
Приходи од МЗ (Придонес за неосигурени лица)	1.086.468	1.140.059	1.183.418	103,80%	108,92%	11,72%
Приходи од МТСП (придонес)	66.971	67.500	65.215	96,61%	97,38%	0,65%
Вкупно:	**9.654.833**	**10.160.832**	**10.093.728**	99,34%	104,55%	100%

1. Приходи од придонеси од бруто плати на вработените


Во структурата на приходи од придонеси од бруто плати на вработените се вклучени:

- придонеси од задолжително здравствено осигурување од бруто плати на вработените кај правните субјекти;
- придонеси за задолжително здравствено осигурување на лица кои вршат самостојна дејност;
- придонеси од задолжително здравствено осигурување на лица кои се занимаават со земјоделство, сточарство, живинарство, пчеларство или риболов;
- придонес за задолжително здравствено осигурување на други осигуреници;
- дополнителен придонес за задолжително здравствено осигурување во случај на повреда на работа и професионално заболување;
- придонес за здравствено осигурување за изминати години

Овие приходи учествуваат со 53.6% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2014 година.

Во периодот јануари-јуни 2014 година, приходите од придонеси од бруто плати на вработените се остварени во износ од 6.001.475 илјади денари и се со процент на остварување од 47.54% во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2013 година бележат зголемување од 4,4%.
Динамиката на остварување на овие приходи по месеци во периодот јануари-јуни 2014 година е нерамномерна и е под планираното за истиот период за 0,75%.

Графички приказ на планирани и остварени приходи од придонеси од бруто плати и надоместоци за период јануари-јуни 2014 година (во илјада денари)



2. Придонеси од корисници на пензии

Во периодот јануари-јуни 2014 година, приходите од корисници на пензии се остварени во вкупен износ од 2.773.393 илјади денари со индекс на остварување од 49,44 во однос на годишниот план.
Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2014 година, овие приходи учествуваат со 24,77%.
Овие приходи споредени со истиот период од 2013 година (износ 2.673.651 илјада денари) бележат зголемување од 3,7%.
Остварените приходи од корисници на пензии во однос на планираните за истиот период се помали за 1,6%.
Наплатата на придонесите од корисниците на пензии во текот на овој период од 2014 година е со рамномерна месечна уплата.


3. Приходи од Министерство за здравство

Во периодот јануари-јуни 2014 година, од приходите од М3 (придонеси за неосигурени лица) се добиени средства во висина од 1.183.418 илјади денари што во однос на годишниот план е процент на остварување од 56,09%.
Овие приходи во структурата на вкупно остварените приходи учествуваат со 10,57%.

4. Придонеси на корисници на права од социјална заштита

Во структурата на вкупните остварени приходи во периодот јануари-јуни 2014 година учествуваат со 0,58%.
Овие приходи за периодот јануари-јуни 2014 година се остварени во вкупен износ од 65.215 илјади денари, и со процент на остварување од 48,31% во однос на годишниот план.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените даночни приходи за период јануари-јуни 2014 година (во илјада денари)



2. НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ


Во структурата на други неданочни приходи се вклучени:
- приходи од наплатена партиципација
- приходи по конвенции
- и други неданочни приходи

(во 000 денари)

приход	Остварено јануари-јуни 2013 година	Јануари-јуни 2014 година			% на остварување јануари-јуни 2014/2013	% на учество
		Планирано	Остварено	% на остварување		
➢ **Приходи од партиципација**	169.984	155.126	178.742	115,22%	105,15%	76,05%
➢ **Останати неданочни приходи**	49.685	60.000	56.304	93,84%	113,32%	23,95%
Вкупно	219.669	215.126	235.046	109,26%	107,00%	100%

Овие приходи учествуваат со 2,1% во структурата на вкупните приходи остварени во периодот јануари-јуни 2014 година.
Во периодот јануари-јуни 2014 година овие приходи се остварени во износ од 235.046 илјади денари и индекс на остварување од 55.96 во однос на годишниот план.
Овие приходи споредени со истиот период од 2013 година бележат зголемување од 7%.
Во периодот јануари-јуни 2014 година приходите од партиципација се остварени во износ од 178.742 илјади денари и имаат индекс на остварување 59,58 во однос на годишниот план.
Останатите неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2014 година се остварени во износ од 56.304 илјади денари и во однос на годишниот план имаат процент на остварување од 46,92%.
Динамиката на месечното остварување на оваа група на приходи е нерамномерна и над планираното со исклучок на месец март.

Графички приказ на движењето на планираните и остварените неданочни приходи во периодот јануари-јуни 2014 година (во илјада денари)



3. ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ

Приходи од МТСП (породилни)-Во периодот јануари-јуни 2014 година од Министерство за труд и социјална политика по основ на породилни боледувања се добиени средства во висина од 868.445 илјади денари, што во однос на годишниот план е остварување од 64,33%.

Пренесени приходи од претходна година - Преставуваат нераспоредени средства затекнати на сметката на 31.12.2013 година во износ од 262.225 илјади денари, кои се пренесени како приход за наредна година.

Состојба на паричните средства на сметката на Фондот

На 30.06.2014 година состојбата на сметката и благајната изнесува 363.643 илјади денари.

2 Расходи на Фондот

Остварени вкупни расходи

Во периодот јануари-јуни 2014 расходите се остварени во износ од 11.095.801 илјади денари, што претставува просечен месечен расход од 1.849.300 илјади денари.

Остварените расходи за периодот јануари-јуни 2014 година споредени со остварените расходи за истиот период од 2013 година (износ 10.605.070 илјади денари) бележат зголемување од 4.63%.


Планирани расходи

Планираните вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2014 година изнесуваат 11.368.491 илјади денари или просечно месечно 1.894.748 илјади денари. Во споредба со планираните за истиот период, остварените расходи се помали за 2.4%.

Вкупни расходи јануари-јуни 2014/2013 ***(во 000 денари)***

Опис	остварено јан-јуни 2013 година	буџет 2014 година	Остварено јан-јуни 2014 година	% ост /план	% на остварување 2014/2013
Вкупен расход	10.605.070	22.736.981	11.095.801	48,80%	104,63%

Графички приказ на вкупни расходи за период јануари-јуни 2014/2013




Движење на вкупните расходи за период јануари-јуни 2014 година (во 000 денари)

месец	план	остварено	% на остварување
јануари	1.894.748	1.591.852	84,01%
февруари	1.894.748	1.853.583	97,83%
март	1.894.748	2.086.836	110,14%
април	1.894.748	1.830.211	96,59%
мај	1.894.748	1.949.665	102,90%
јуни	1.894.748	1.783.654	94,14%
вкупно	11.368.489	11.095.801	97,60%

Структура на расходите

Структурата на расходите ја сочинуваат:

1. Здравствена дејност и осигурување (98.07%)
2. Функционални расходи на Фондот (1.93%)



1.Здравствена дејност и осигурување

Во расходите за здравствена дејност и осигурување се вклучени:

- здравствени услуги и
- надоместоци

Расходи за здравствена дејност и осигурување во периодот јануари-јуни 2014/2013

(во 000 денари)


Опис	остварено јануари-јуни 2013 година	Јан-јуни 2014			% 2014 /2013
		планирано	Остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ Здравствени услуги	9.334.200	10.058.991	9.836.038	97,78%	105,38%
➢ Надоместоци	1.037.586	1.050.000	1.045.590	99,58%	100,77%
Вкупно	**10.371.786**	**11.108.991**	**10.881.628**	97,95%	104,92%

Во структурата на вкупните расходи за периодот јануари-јуни 2014 година, најголемо учество имаат расходите за плаќање на здравствените услуги на осигурените лица со 88.65 % или во вкупен износ од 9.836.038 илјади денари. Овие расходи во однос на годишниот план се остварени со 48.89%, додека споредени со истиот период од 2013 се зголемени за 5.38%.

Во структурата на вкупните остварени расходи во периодот јануари-јуни 2014 година, надоместоците имаат учество од 9.42% и 1.045.590 илјади денари. Во однос на планот за истиот период, надоместоците се остварени со 99.58% а истите споредени со истиот период од 2013 година се повеќе остварени за 0.77%.

Динамиката на остварување на расходите за здравствена дејност и осигурување по месеци е нерамномерна и е под планот, со исклучок на месеците март и мај 2014 година.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за здравствена дејност и осигурување јануари-јуни 2014 година (во илјада денари)



2. Расходи за функцијата на Фондот

Расходите за функцијата на Фондот ја сочинуваат:

- плати и надоместоци
- стоки и услуги
- капитални расходи

Расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2014 година (во 000 денари)


Опис	остварено јануари-јуни 2013	јан-јуни 2014			% 2014 /2013
		планирано	остварено	% на остварување во однос на планот	
➢ **плати и надоместоци**	152.510	163.000	146.234	89,71%	95,88%
➢ **стоки и услуги**	65.380	72.078	54.821	76,06%	83,85%
➢ **субвенции и трансфери**	318	2.923	3.465	118,56%	1089,62%
➢ **капитални расходи**	15.076	21.500	9.653	44,90%	64,03%
Вкупно	**233.284**	**259.500**	**214.173**	82,53%	91,81%

Во структурата на остварените вкупни расходи во периодот јануари-јуни 2014 година, расходите за функцијата на Фондот учествуваат со 1,93% или во вкупен износ од 214.173 илјади денари. Овие расходи во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 17,5%, а споредени со истиот период од 2013 година бележат намалување од 8,19%.

Расходите за плати и надоместоци во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 1,32% и се под планираното за истиот период.
Расходите за стоки и услуги во структурата на вкупните остварени расходи учествуваат со 0,49%, во однос на планот за истиот период се помалку остварени за 23,9% и бележат намалување од 16,15% во споредба со истиот период од 2013 година.
Капитални расходи за период јануари-јуни 2014 година имаат остварување од 9.653 илјади денари и во однос на истиот период во 2013 година се помали за приближно 36%.

Динамиката на остварување на овие расходи на Фондот е нерамномерна во зависност од доспеаноста на обврските и под планот за истиот период.

Графички приказ на планираните и остварени расходи за функцијата на Фондот јануари-јуни 2014 година (во илјада денари)



ФЗОМ

ИЗВЕШТАЈ

на месечен надоместок од ФЗОМ до ЈЗУ-2014 година

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2014 година (Седница на УО од 30.12.2013, 30.01.2014, 14.02.2014, 28.02.2014 и 27.05.2014 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2014 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2014 година во однос на договорниот надоместок за 2014 година
1	Стоматолошки клинички центар	120.000.000	60.000.000	50,00%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	24.000.000	12.000.000	50,00%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	102.000.000	51.000.000	50,00%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	650.000.000	324.999.997	50,00%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	320.000.000	159.999.997	50,00%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	20.000.000	9.999.997	50,00%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	88.374.334	53.869.734	60,96%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	75.500.000	37.749.997	50,00%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	61.700.000	30.849.997	50,00%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	52.000.000	25.999.998	50,00%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	75.000.000	37.500.000	50,00%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	328.000.000	163.999.998	50,00%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	43.000.000	21.499.998	50,00%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	321.000.000	160.500.000	50,00%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	152.800.000	76.399.998	50,00%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	34.500.000	17.250.000	50,00%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	208.836.007	104.499.997	50,04%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	40.800.000	18.545.450	45,45%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	133.000.000	66.499.998	50,00%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	103.000.000	51.499.998	50,00%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	165.000.000	82.500.000	50,00%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	102.000.000	51.000.000	50,00%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	61.600.000	30.799.998	50,00%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	119.000.000	59.499.997	50,00%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	66.200.000	33.099.997	50,00%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	76.000.000	37.999.998	50,00%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	395.000.000	197.499.997	50,00%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	48.500.000	24.249.997	50,00%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	28.500.000	14.250.000	50,00%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	342.000.000	171.000.000	50,00%
31	Клиничка болница-Битола	544.287.592	274.515.038	50,44%
32	Општа болница-Гевгелија	80.326.479	42.030.592	52,32%
33	Општа болница-Гостивар	198.676.846	110.625.283	55,68%
34	Општа болница-Дебар	54.730.576	33.892.232	61,93%
35	Општа болница-Кавадарци	105.652.880	55.461.152	52,49%
36	Општа болница-Кичево	81.000.000	40.500.000	50,00%
37	Општа болница-Кочани	100.760.688	53.354.276	52,95%
38	Општа болница-Куманово	281.961.346	150.784.537	53,48%
39	Општа болница-Охрид	214.000.000	106.999.998	50,00%
40	Општа болница-Прилеп	288.137.998	151.455.201	52,56%
41	Општа болница-Струга	145.000.000	74.954.535	51,69%
42	Општа болница-Струмица	208.727.793	107.891.118	51,69%
43	Клиничка болница-Тетово	410.257.828	210.003.132	51,19%
44	Општа болница-Велес	186.239.660	95.095.865	51,06%
45	Клиничка болница-Штип	276.961.346	142.284.540	51,37%
46	Градска општа болница 8-ми септември	600.000.000	300.000.000	50,00%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	241.500.000	120.750.000	50,00%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	111.200.000	57.474.997	51,69%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	90.000.000	45.000.000	50,00%
50	Психијатриска болница-Скопје	188.700.000	94.350.000	50,00%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	126.000.000	63.000.000	50,00%
52	Психијатриска болница-Негорци	50.700.000	25.350.000	50,00%
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	28.000.000	13.999.998	50,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2014 година (Седница на УО од 30.12.2013, 30.01.2014, 14.02.2014, 28.02.2014 и 27.05.2014 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2014 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2014 година во однос на договорниот надоместок за 2014 година
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	132.500.000	73.750.002	55,66%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	43.500.000	21.750.000	50,00%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	60.000.000	30.000.000	50,00%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	12.000.000	6.000.000	50,00%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	95.000.000	47.499.997	50,00%
59	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	20.000.000	9.999.997	50,00%
60	Геронтолошки завод-Скопје	78.000.000	39.000.000	50,00%
61	Завод за нефрологија-Струга	107.650.368	63.310.148	58,81%
62	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	21.400.000	10.699.998	50,00%
63	Здравствен дом-Битола	98.800.000	49.399.998	50,00%
64	Здравствен дом-Гевгелија	37.824.000	22.275.635	58,89%
65	Здравствен дом-Гостивар	75.500.000	37.749.997	50,00%
66	Здравствен дом-Дебар	17.700.000	8.850.000	50,00%
67	Здравствен дом-Кавадарци	36.739.000	18.369.486	50,00%
68	Здравствен дом-Кичево	34.500.000	17.250.000	50,00%
69	Здравствен дом-Кочани	20.000.000	9.999.997	50,00%
70	Здравствен дом-Крива Паланка	45.476.150	24.190.460	53,19%
71	Здравствен дом-Куманово	71.500.000	35.749.986	50,00%
72	Здравствен дом-Охрид	67.400.000	35.881.818	53,24%
73	Здравствен дом-Прилеп	94.700.000	47.349.997	50,00%
74	Здравствен дом-Струга	36.500.000	18.249.997	50,00%
75	Здравствен дом-Струмица	52.700.000	26.349.997	50,00%
76	Здравствен дом-Тетово	95.400.000	47.700.000	50,00%
77	Здравствен дом-Велес	55.000.000	27.499.986	50,00%
78	Здравствен дом-Штип	30.500.000	15.249.997	50,00%
79	Здравствен дом-Берово	25.148.000	12.573.997	50,00%
80	Здравствен дом-Македонски Брод	21.800.000	11.581.818	53,13%
81	Здравствен дом-Валандово	28.812.000	14.406.000	50,00%
82	Здравствен дом-Вевчани	28.700.000	14.349.997	50,00%
83	Здравствен дом-Виница	29.000.000	14.499.997	50,00%
84	Здравствен дом-Делчево	43.060.031	23.674.012	54,98%
85	Здравствен дом-Демир Хисар	24.100.000	12.049.986	50,00%
86	Здравствен дом-Кратово	23.500.000	11.749.986	50,00%
87	Здравствен дом-Крушево	21.000.000	10.500.000	50,00%
88	Здравствен дом-Неготино	47.400.000	23.700.000	50,00%
89	Здравствен дом-Пехчево	19.248.000	9.624.000	50,00%
90	Здравствен дом-Пробиштип	21.500.000	10.749.997	50,00%
91	Здравствен дом-Радовиш	31.910.000	15.954.997	50,00%
92	Здравствен дом-Ресен	38.100.000	19.050.000	50,00%
93	Здравствен дом-Ростуше	14.100.000	7.410.000	52,55%
94	Здравствен дом-Свети Николе	31.800.000	15.900.000	50,00%
95	Здравствен дом-Скопје	584.000.000	291.999.997	50,00%
96	Здравствен дом-Железничар	23.200.000	11.599.986	50,00%
97	Здравствена станица на Универзитетот Кирил и Методиј-Скопје	5.500.000	2.999.766	54,54%
98	Здравствена станица-Железара	16.724.663	16.724.663	100,00%
99	Медицински факултет-Институти-Скопје	165.000.000	82.500.000	50,00%
100	Институт за трансфузиона медицина на РМ	345.000.000	204.681.820	59,33%
101	Институт за јавно здравје на Република Македонија	29.000.000	14.499.997	50,00%
102	Центар за јавно здравје-Битола	24.000.000	12.000.000	50,00%
103	Центар за јавно здравје-Велес	19.000.000	9.499.986	50,00%
104	Центар за јавно здравје-Кочани	16.800.000	8.400.000	50,00%
105	Центар за јавно здравје-Прилеп	19.000.000	9.499.986	50,00%
106	Центар за јавно здравје-Куманово	12.500.000	6.249.997	50,00%
107	Центар за јавно здравје-Скопје	41.100.000	20.550.000	50,00%
108	Центар за јавно здравје-Струмица	7.000.000	3.499.986	50,00%
109	Центар за јавно здравје-Тетово	22.400.000	11.199.997	50,00%

р. бр.	Здравствена установа	Договорен надоместок од ФЗОМ за 2014 година (Седница на УО од 30.12.2013, 30.01.2014, 14.02.2014, 28.02.2014 и 27.05.2014 година)	Одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2014 година	% на одобрени средства за извршени здравствени услуги заклучно со 30.06.2014 година во однос на договорниот надоместок за 2014 година
110	Центар за јавно здравје-Штип	13.400.000	6.699.997	50,00%
111	Центар за јавно здравје-Охрид	12.400.000	6.199.986	50,00%
112	Институт за Медицина на трудот на РМ	25.800.000	12.900.000	50,00%
113	Здравствена станица Липково	8.000.000	3.999.997	50,00%
	ВКУПНО:	**12.249.423.585**	**6.263.946.073**	**51,14%**

Финансиски податоци на ЈЗУ

Приходи на ЈЗУ

Приходите на ЈЗУ ги опфаќаат приходите наплатени од Фондот,средствата од програмите за здравствена заштита, сопствените приходи и донации. Приходите на ЈЗУ во периодот јануари-јуни 2014 година се остварени во износ од 7.480.538.475 денари.

Одобрениот износ на средства од Фондот во периодот јануари-јуни 2014 година изнесува 6.263.946.073 и во структурата на вкупните приходи учествува со 83.74%.


Сопствените приходи (во кои се вклучени и средствата од програмите за здравствена заштита) во периодот јануари-јуни 2014 година се остварени во вкупен износ од 1.194.648.211 денари и во структурата на вкупните приходи на ЈЗУ учествуваат со 15.97 % , а во однос на планираниот годишен износ имаат процент на остварување од 46.9%.

Приходите од донации на ЈЗУ во анализираниот период се остварени во вкупен износ од 21.944.191 денари, во однос на годишниот план имаат индекс на остварување од 27.8% и во структурата на вкупно остварените приходи имаат учество од 0.29%.


Структура на приходи јануари-јуни 2014 год во (000) денари

Приходи	остварено јануари-јуни 2013 година	планирани приходи 2014 година	приходи јануари-јуни 2014 година	% Ост /план	% 2014 /2013	% на учество во вкупните приходи јануари-јуни 2014
Приходи од ФЗОМ	6.273.603	12.249.423	6.263.946	51,14%	99,85%	83,74%
Сопствени приходи	1.057.265	2.546.984	1.194.648	46,90%	112,99%	15,97%
Приходи од донации	10.018	78.898	21.944	27,81%	219,05%	0,29%
Вкупно	**7.340.886**	**14.875.305**	**7.480.538**	50,29%	101,90%	100%

Графички приказ на структурата на приходите на ЈЗУ за период јануари-јуни 2014 година



Графички приказ на приходите на ЈЗУ јануари-јуни 2014/2013 година (во 000 денари)



Вкупно за сите ЈЗУ

ИЗВЕШТАЈ

за приходите на ЈЗУ за период 01.01.-30.06.2014 година

р. бр.	Конто	Опис	планиран годишен износ	јануари	февруари	март	април	мај	јуни	вкупно	ост/план	% на учество во вкупните приходи
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12 (11/4)	13
1		**Вкупно приходи (2+3+12):**	**14.875.305.291**	**1.328.544.816**	**1.270.722.325**	**1.254.432.615**	**1.229.472.330**	**1.186.437.433**	**1.210.928.956**	**7.480.538.475**	**50,29%**	**100,00%**
2		**Приходи од ФЗОМ:**	**12.249.423.585**	**1.164.615.086**	**1.088.302.784**	**1.010.789.111**	**998.177.114**	**998.040.989**	**1.004.020.989**	**6.263.946.073**	**51,14%**	**83,74%**
3		**Сопствени приходи (4-11):**	**2.546.983.821**	**159.829.539**	**182.123.451**	**242.858.788**	**218.554.263**	**184.552.175**	**206.729.995**	**1.194.648.211**	**46,90%**	**15,97%**
4	721	Претприемачки приход и приход од имот	32.743.944						9.600	**630**	**0,00%**	
5	723	Такси и надоместоци	1.206.814.092	92.111.614	97.188.191	122.449.070	103.539.877	98.260.694	97.772.788	**611.322.234**	**50,66%**	
6	725	Други неданочни приходи	806.537.444	66.976.317	75.957.896	81.209.240	76.449.060	76.332.540	69.732.623	**446.657.676**	**55,38%**	
7	731	Продажба на капитални средства	4.268.908	139.800	96.005			364		**236.169**	**5,53%**	
8	733	Продажба на земјиште и нематеријални вложувања	500.000	99.682		207.156		75.871	67.063	**449.772**	**89,95%**	
9	741	Трансфери од други нивоа на власт	469.390.454	483.147	8.827.572	38.993.322	38.400.063	9.922.086	39.014.477	**135.640.667**	**28,90%**	
10	742	Донации од странство	0		67.901		165.263		120.116	**351.400**		
11	771	Продажба на хартии од вредност	2.650.000							**0**	**0,00%**	
12		**Приходи од донации (13-17)**	**78.897.885**	**4.100.191**	**296.090**	**784.716**	**12.740.953**	**3.844.269**	**177.972**	**21.944.191**	**27,81%**	**0,29%**
13	725	Други неданочни приходи	0	7.720			50.000			**57.720**		
14	741	Трансфери од други нивоа на власт	0				2.016.345			**2.016.345**		
15	742	Донации од странство	51.353.311	694.760		753.996	5.540.282	3.488.269	176.972	**10.654.279**	**20,75%**	
16	743	Капитални донации	5.948.449	3.367.711			1.500.000			**4.867.711**	**81,83%**	
17	744	Тековни донации	21.596.125	30.000	296.090	30.720	3.634.326	356.000	1.000	**4.348.136**	**20,13%**	
		Салдо на крајот од претходниот месец:		421.905.791	450.583.649	567.577.050	461.564.468	485.183.562	458.694.028			
		Салдо на крај од тековниот месец:		450.583.649	567.577.050	461.564.468	485.183.562	458.694.028	452.226.693			

ЗАБЕЛЕШКА:

* Податоците за приходите од табелата се добиени од трезорот на ФЗОМ и доставениот месечен извештај на Медицински факултет

** Во планираниот годишен износ на приходи не е вклучен годишниот план на приходи од сопствени средства и приходи од донации на Медицински факултет-Институти-Скопје

ПРЕГЛЕД

НА ПРИХОДИ ПО ВИДОВИ НА ЈЗУ ЗА ПЕРИОД 01.01-30.06.2014 ГОДИНА

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
1	Стоматолошки клинички центар	168.664.912	60.000.000	22.684.127		82.684.127	49,02	46,68%	1,11%
2	Клиника за максилофацијална хирургија	29.454.900	12.000.000	1.876.035		13.876.035	47,11	34,39%	0,19%
3	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиологија	147.590.000	51.000.000	20.373.844	0	71.373.844	48,36	44,99%	0,95%
4	ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија	676.178.479	324.999.997	14.665.963	0	339.665.960	50,23	58,66%	4,54%
5	ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија	362.800.000	159.999.997	23.370.665	488.567	183.859.229	50,68	58,43%	2,46%
6	ЈЗУ Универзитетска клиника за клиничка биохемија	113.286.309	9.999.997	26.686.043		36.686.040	32,38	28,66%	0,49%
7	ЈЗУ Универзитетска клиника за нефрологија	99.111.933	53.869.734	4.914.226		58.783.960	59,31	49,14%	0,79%
8	ЈЗУ Универзитетска клиника за гастроентерохепатологија	85.606.124	37.749.997	4.972.807		42.722.804	49,91	49,73%	0,57%
9	ЈЗУ Универзитетска клиника за пулмологија и алергологија	72.897.986	30.849.997	5.021.214		35.871.211	49,21	44,86%	0,48%
10	ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија, дијабетес и метаболички нарушувања	60.750.402	25.999.998	2.825.031	0	28.825.029	47,45	36,45%	0,39%
11	ЈЗУ Универзитетска клиника за ревматологија	80.500.000	37.500.000	2.381.462		39.881.462	49,54	43,30%	0,53%
12	ЈЗУ Универзитетска клиника за хематологија	344.425.900	163.999.998	2.465.771	0	166.465.769	48,33	15,97%	2,23%
13	ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија	47.888.509	21.499.998	1.534.725		23.034.723	48,10	32,24%	0,31%
14	ЈЗУ Универзитетска клиника за детски болести	343.968.412	160.500.000	6.617.943	347.500	167.465.443	48,69	33,53%	2,24%
15	ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	177.665.791	76.399.998	4.984.944	3.488.269	84.873.211	47,77	27,85%	1,13%
16	ЈЗУ Универзитетска клиника за дерматологија	39.845.447	17.250.000	2.035.885		19.285.885	48,40	38,09%	0,26%
17	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврологија	235.250.148	104.499.997	3.358.297	4.589.597	112.447.891	47,80	15,32%	1,50%
18	ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија-Скопје	41.200.000	18.545.450	6.000		18.551.450	45,03	1,50%	0,25%
19	ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија	141.581.469	66.499.998	3.455.991	154.340	70.110.329	49,52	42,45%	0,94%
20	ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија	110.312.955	51.499.998	3.331.550	0	54.831.548	49,71	45,89%	0,73%
21	ЈЗУ Универзитетска клиника за дигестивна хирургија	178.400.000	82.500.000	4.766.766		87.266.766	48,92	35,57%	1,17%
22	ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија	114.123.551	51.000.000	2.715.717		53.715.717	47,07	22,44%	0,72%
23	ЈЗУ Универзитетска клиника за пластична и реконструктивна хирургија	71.125.174	30.799.998	5.133.787	0	35.933.785	50,52	60,22%	0,48%
24	ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија	124.138.694	59.499.997	1.522.031		61.022.028	49,16	30,31%	0,82%
25	ЈЗУ Универзитетска клиника за уво, нос и грло	77.276.939	33.099.997	5.633.853		38.733.850	50,12	51,22%	0,52%
26	ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести	88.000.000	37.999.998	4.696.444		42.696.442	48,52	39,14%	0,57%
27	ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство	436.184.703	197.499.997	17.568.287		215.068.284	49,31	42,66%	2,88%
28	ЈЗУ Универзитетска клиника за психијатрија	55.826.923	24.249.997	3.038.813	0	27.288.810	48,88	42,63%	0,36%
29	ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Скопје	34.312.080	14.250.000	4.398.920		18.648.920	54,35	111,37%	0,25%
30	Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски лекување, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар-Скопје	417.367.711	171.000.000	46.089.468	3.367.711	220.457.179	52,82	64,01%	2,95%
31	Клиничка болница-Битола	633.712.933	274.515.038	33.787.880	3.661.826	311.964.744	49,23	39,44%	4,17%
32	Општа болница-Гевгелија	114.718.119	42.030.592	5.603.288	0	47.633.880	41,52	40,57%	0,64%
33	Општа болница-Гостивар	234.706.248	110.625.283	20.765.355		131.390.638	55,98	57,68%	1,76%
34	Општа болница-Дебар	61.817.533	33.892.232	381.590	0	34.273.822	55,44	5,53%	0,46%
35	Општа болница-Кавадарци	120.080.661	55.461.152	7.569.439	0	63.030.591	52,49	54,24%	0,84%
36	Општа болница-Кичево	92.208.446	40.500.000	5.233.130		45.733.130	49,60	46,72%	0,61%

р. бр.	Здравствена установа	планиран годишен износ во трезорот	видови приходи				индекс ост/план вкупни приходи	% на остварени/планирани сопствени приходи	% на учество на одделните ЈУЗ во вкупните приходи
			планиран износ на средства од ФЗОМ	сопствени приходи	приходи од донации	вкупно			
1	2	3	4	5	6	7 (4+5+6)	8 (7/3)	9	10
37	Општа болница-Кочани	121.608.890	53.354.276	7.751.089	20.000	61.125.365	50,26	45,70%	0,82%
38	Општа болница-Куманово	328.400.606	150.784.537	22.295.896		173.080.433	52,70	48,01%	2,31%
39	Општа болница-Охрид	248.492.047	106.999.998	15.969.266		122.969.264	49,49	46,42%	1,64%
40	Општа болница-Прилеп	330.155.955	151.455.201	22.366.576	0	173.821.777	52,65	57,35%	2,32%
41	Општа болница-Струга	167.008.612	74.954.535	11.374.131		86.328.666	51,69	51,70%	1,15%
42	Општа болница-Струмица	254.664.168	107.891.118	16.585.709	0	124.476.827	48,88	53,85%	1,66%
43	Клиничка болница-Тетово	492.883.172	210.003.132	30.030.053		240.033.185	48,70	42,30%	3,21%
44	Општа болница-Велес	216.989.660	95.095.865	14.294.376		109.390.241	50,41	46,49%	1,46%
45	Клиничка болница-Штип	311.666.811	142.284.540	16.979.272		159.263.812	51,10	49,94%	2,13%
46	Градска општа болница 8-ми септември	700.800.000	300.000.000	50.754.238	0	350.754.238	50,05	50,75%	4,69%
47	Клиника по хируршки болести-Св. Наум Охридски-Скопје	265.500.000	120.750.000	10.314.082		131.064.082	49,37	42,98%	1,75%
48	Специјална болница по гинекологија и акушерство-Мајка Тереза-Скопје	120.435.100	57.474.997	4.692.338		62.167.335	51,62	50,81%	0,83%
49	Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле-Скопје	109.500.000	45.000.000	4.145.187	0	49.145.187	44,88	25,91%	0,66%
50	Психијатриска болница-Скопје	213.080.000	94.350.000	16.762.398		111.112.398	52,15	68,75%	1,49%
51	Психијатриска болница-Демир Хисар	146.037.106	63.000.000	12.568.432		75.568.432	51,75	62,84%	1,01%
52	Психијатриска болница-Негорци	68.032.764	25.350.000	8.512.474		33.862.474	49,77	56,87%	0,45%
53	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза-Јасеново-Велес	34.150.031	13.999.998	2.082.627		16.082.625	47,09	52,59%	0,21%
54	Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо-Охрид	198.220.000	73.750.002	22.189.792		95.939.794	48,40	33,76%	1,28%
55	Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје	60.794.147	21.750.000	4.099.234	2.024.065	27.873.299	45,85	46,27%	0,37%
56	Завод за физикална медицина и рехабилитација-Скопје	72.761.229	30.000.000	5.979.955		35.979.955	49,45	48,63%	0,48%
57	Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола	12.301.952	6.000.000	40.360		6.040.360	49,10	100,90%	0,08%
58	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања-Охрид	110.098.998	47.499.997	6.555.869		54.055.866	49,10	44,75%	0,72%
59	Завод за превенција, лекување и рехабилитација на хронични, респираторни, неспецифични и алергиски заболувања-Отешево	23.261.045	9.999.997	1.236.614		11.236.611	48,31	38,05%	0,15%
60	Геронтолошки завод-Скопје	173.200.000	39.000.000	41.737.301	214.470	80.951.771	46,74	46,02%	1,08%
61	Завод за нефрологија-Струга	127.650.368	63.310.148	10.207.890		73.518.038	57,59	51,04%	0,98%
62	Специјална болница за белодробни заболувања и туберкулоза- Лешок-Тетово	28.336.135	10.699.998	1.130.434		11.830.432	41,75	57,38%	0,16%
63	Здравствен дом-Битола	131.339.653	49.399.998	11.092.037	0	60.492.035	46,06	37,66%	0,81%
64	Здравствен дом-Гевгелија	44.198.665	22.275.635	3.146.497	0	25.422.132	57,52	54,59%	0,34%
65	Здравствен дом-Гостивар	88.305.221	37.749.997	4.826.031		42.576.028	48,21	37,70%	0,57%
66	Здравствен дом-Дебар	19.882.182	8.850.000	864.440		9.714.440	48,86	40,21%	0,13%
67	Здравствен дом-Кавадарци	41.106.139	18.369.486	2.517.752	0	20.887.238	50,81	63,58%	0,28%
68	Здравствен дом-Кичево	39.625.533	17.250.000	2.181.586		19.431.586	49,04	42,63%	0,26%
69	Здравствен дом-Кочани	28.822.402	9.999.997	1.593.788		11.593.785	40,22	18,11%	0,15%
70	Здравствен дом-Крива Паланка	51.650.973	24.190.460	4.312.172		28.502.632	55,18	70,41%	0,38%
71	Здравствен дом-Куманово	98.672.571	35.749.986	8.475.485		44.225.471	44,82	34,34%	0,59%
72	Здравствен дом-Охрид	74.200.347	35.881.818	2.997.539		38.879.357	52,40	44,08%	0,52%
73	Здравствен дом-Прилеп	114.346.948	47.349.997	9.117.512	0	56.467.509	49,38	49,55%	0,75%
74	Здравствен дом-Струга	40.500.000	18.249.997	1.229.215		19.479.212	48,10	30,73%	0,26%
75	Здравствен дом-Струмица	60.357.352	26.349.997	3.234.759	0	29.584.756	49,02	42,50%	0,40%
